ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 23 – 1/2009
Загреб, 14. 02. 2009.

# З А П И С Н И К

од **3. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **14.02.2009. година** со почеток во **12.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Н. Гроздановски – Загреб, Ј. Цветичанин – Осиек, М. Мајиќ – Задар, Б. Штерјов – Загреб, З. Петровски – Пула и И. Дуноски – Риека.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата и О. Бојаџиски, член на РО на „М. глас".

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, го прочита дн. ред за истата. и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 2-та седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.01.-31.03.2009.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;
3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2008. godine" со трошковниците;
4. Усвојување на записникот од Инвентурната комисија и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
5. Договор околу реализацијата на програмите во 2009 година и усвојување на донесените одлуки;
6. Донесување на одлука за датумот на одржувањето на редовното Собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
7. Договор за барањата на главната и одговорна уредничка на „Македонски глас„ М. Апостоловска и Редакцискиот одбор и усвојување на донесените одлуки;
8. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 2. седница (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и предаден од страна на друштвата и Заедницата (прилог).

**Ад. 3.** За годишното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2008. godine" за Советот, претс. А. Митревски рече дека е уредно изработен и предаден до Советот (прилог), заедно со Извештаите на друштвата. Се направи анализа на трошковниците и патните налози од минатата година и се дојде до заклучок дека има многу реализирани програми и службени патувања кои ги надминаа предвидените средства, додека пак некои програми, воопшто не беа реализирани. Годината се заврши солвентно благодарение на рационалното и економично работење, но остануваат нереализираните програми да се остварат. Доколку тоа не се случи во текот на оваа година, средствата од тие програми ќе се пренаменат за други потреби. Уште еднаш се потсети на тоа дека од секоја програма треба да се одвои 10% од добиените средства за подмирување на трошоците на Заедницата. Се дадоа примедби и на остварените патни трошоци во јануари за Светското ракометно првенство. Одлуката за патувањето на Ј. Цветичанин на Чествувањето за Г. Делчев во Македонија, беше претходно телефонски донесена од УО. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** годишниот Извештај заедно со трошковниците и патните налози.

**Ад. 4.** Секретарката Е. Петровска ги информираше присутните за спроведената инвентура на имотната состојба на Заедницата од страна на инвентурната комисија (прилог). По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува записникот од состанокот на инвентурната комисија на Заедницата;
- По предлогот на инвентурната комисија, се извршува отпис на дел од имотот од „Порцуланка – промет„ која не е веќе за употреба (прилог бр. 4.).

**Ад. 5.** Претс. А. Митревски ја нагласи важноста на овогодишната маниф. „Рацинов ден„ поради јубилејот на 70 год. од издавањето на стихозбирката „Бели мугри„ во Самобор. Оваа маниф. ќе биде реализирана на високо меѓудржавно ниво и ќе опфати и издавање на репринт на стихозбирката како и поставување на нова биста пред Самоборскиот музеј – подарок од академикот Томе Серафимовски. Извршниот одбор ќе има оперативна задача континуирано да работи на припремите за маниф. и благовремено да го известува УО за стореното. Исто така, треба да се грижи за изнаоѓање спонзори кои финансиски ќе ја поддржат реализацијата на маниф. Претс. ги извести присутните дека за оваа маниф. се одобрени 80.000,00 ден. (околу 10.000,00 кн.) од Министерството за култура на РМ. О. Бојациски накратко информираше што е досега реализирано и што се планира за понатамошна реализација. Потоа се расправаше за предлогот (Планот) за доделување на овогодишните средства за програми од Советот (прилог). Претс. нагласи дека поради рецесијата, Советот ќе ни додели само 5% зголемување на вкупните средства за 2009. За „Македонска вечер„ ќе се доделат средства само за Загреб и таа ќе биде реализирана на ниво на Заедницата заедно со Друштвото од Загреб. Но, предвидена е и нова маниф. на ниво на Заедницата заедно со Друштвото од Пула, „Ден на глагољашите во Роч„. За етно-изложбата во Задар која треба да се одржи на крајот на март, М. Мајиќ даде предлог да настапи и фолклорот од Риека. Што се однесува до аматеризмот, оваа година најголемо процентуално зголемување на средствата ќе добие Друштвото од Загреб. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Се усвојува Планот и програмата на работа за 2009. година;
- За членови на Организацискиот одбор на маниф. „Рацинов ден„ во Самобор се именуваат сите членови на УО на Заедницата, а за членови на Извршниот одбор се именуваат: Н. Гроздановски, Б. Штерјов, О. Ламбевски, О. Бојациски и А. Митревски како претс. на одборот;

- За членови на Организациskиот одбор на етно-изложбата во Задар се именуваат: А. Митревски, Е. Петровска, М. Мајиќ, Марија Чинчурак, Билјана Митревски и Виолета Салопек;
- За најголемите маниф. со организиран превоз на ниво на Заедницата, од сега па натаму, сите друштва во својот превоз да учествуваат со 20% од своите средства (освен друштвото-домаќин);
- Да се посвети повеќе внимание на остварување контакти за спонзорства и донации.

По оваа точка УО направи кратка пауза.

**Ад. 6.** За одржувањето на седницата на редовното Собрание на Заедницата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:
- Седницата на редовното Собрание на Заедницата да се одржи на 25.04.2009. година во Риека;
- Членовите на Надзорниот одбор да извршат контрола и припремат Записник за Собранието за финансиското работење на Заедницата за 2008 година;
- Михаило Давчевски за Собранието да припреми предлог на Деловникот за начинот на работата на Собранието на Заедницата;
- Сите друштва да достават до Заедницата список на своите именувани делегати за Собранието.

**Ад. 7.** Врзано за оваа точка, О. Бојаџиски ги извести присутните дека пред оваа седница се одржа состанок на РО на „Мак. глас„ на кој се расправаше за работата и условите на Колегиумот на списанието како и за некои измени и дополнувања на важечкиот ценовник, па врзано за тоа, се донесоа неколку заклучоци. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки** по предлогот на РО:
- Се задолжува О. Бојаџиски да изработи Правилник за работата на РО и на „Мак. глас„ кој ќе биде предложен за усвојување на следната седница на УО;
- Да се именува претседател на РО на „Мак. глас„ на следната седница на УО;
- Се именува Елизабета Петровска за заменик на главниот и одговорен уредник на „Мак. глас„ (нејзините досегашни задачи: дописник од Загреб, секретар и коректор на списанието, остануваат и понатака во функција);
- Да се прошири РО на пет члена (со уште два члена на досегашните три), а предлогот за именување на тие два нови члена да се поднесе на следната седница на УО;
- Во случај да веќе именуваните дописници не се во можност или се на било кој начин спречени да проследат одреден настан од голема важност за друштвата и известат за истиот во „Мак. глас„ се задолжуваат претседателите на друштвата да одредат друго лице кое ќе го замени и ќе ја изврши таа задача за што ќе му биде исплатен хонорар според точка 2. од важечкиот ценовник;
- Се додаваат во ценовникот следните ставки: проширена информација (до 30 реда во „Word„) – 100,00 кн. и портрет – 150,00 кн. (1 стр.);
- Спецификацијата за хонорарите најнапред да се одобри од страна на РО;
- На Јулијана Тешија од Осиек за напишаните текстови во „Мак. глас„ бр. 56. да и се исплати хонорар во износ од 400,00 кн. нето кога ќе се врши исплата на хонорарите за „Мак. глас„ бр. 57.

На крајот се апелираше на севкупно залагање за пронаоѓање спонзори и донатори за „Мак. глас„ поради недоволните овогодишни финансиски средства (прилог – ценовник на „Мак. глас„ со новите измени и дополнувања).

**Ад. 8.** Под точката разно, Митревски рече дека деновиве ќе дојде до промена на Хрватскиот устав и Законот за НМ и дека е тоа извонредна прилика за нас Македонците

да се даде предлог од Заедницата за именување на МНМ во преамбулата. Исто така, рече дека работната група за „Годишниот македонски собир“ ќе биде во најскоро време повикана на својот прв состанок. Информираше и за можноста за реализација на македонски емисии на локални радио станици. Потоа поднесе извештаи по точките од Информаторот. Извести и за различните дописи кои пристигнаа од Агенцијата за иселеништво на РМ за избор на предлог-кандидат за член на Иселеничкиот совет. Спомна и дека Агенцијата за иселеништво на РМ му ветила дека кога ќе биде во можност, ќе прати македонски знамиња за Заедницата и друштвата. Даде примедба и на соработката со Амбасадата на РМ во РХ во последно време, бидејќи се беа случиле неколку недоразбирања од нивна страна во организацијата на откривањето на спомен-плочата за Штросмаер во Ѓаково и средбата со министерот Стојановски во просториите на Заедницата. Како најнова вест, спомна дека МНР на РМ – КТИ изрази заинтересираност да го финансира проектот кој им беше пратен од Заедницата за одржување на училиште по македонски јазик за деца од дијаспората под наслов „Се запознаваме со нашето потекло„ во РМ. По исцрпната дискусија, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Не се усвојува предлогот на Трајан Стефановски упатен до УО на Заедницата, бидејќи Заедницата нема ингеренција да донесува такви одлуки за МПЦ во РХ;
- Секое друштво заедно со Заедницата и „Мак. глас„ да гласаат по една единствена листа за предлог-кандидат за член на Иселеничкиот совет – за Н. Гроздановски;
- На повтореното Собрание во Задар од УО да присуствуваат А. Митревски и Н. Гроздановски со платени патни трошоци и дневници од Заедницата;
- Се задолжува МКД „Охридски бисер„ да подготви анализа за партиципацијата на режиските трошоци во однос на користењето на просториите на Заедницата до следната седница на УО;
- Се задолжува Б. Штерјов да најде три понуди (трошковник) за приоритетно реновирање на просториите на Заедницата до следната седница на УО;
- Почнувајќи од 01.12.2008. година, поради сè пообемната работа се зголемува исплатата за сметководствени и книговодствени услуги за Заедницата, од досегашните 800,00 кн. на 1.000,00 кн. месечно;
- Се даруваат 55 примероци од најновата книга „Денови на браќата Миладиновци„ на авторот Б. Јовановски, и по 15 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 50,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 100,00 кн.

На крајот, Е. Петровска на сите друштва им подари по три примероци од книгата со ДВД „Холокауст – Човекови права и образование„ подарок од Александар Толнауер. По ова, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **17.45** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски